РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 в.в член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 46 та седница одржана на ден 12.02.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**

**Согласно член 76 став 6 од** Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси **се констатира состојба на судир на интереси кај лицето ------ -------** – пратеник во Собранието на РСМ, затоа што истовремено ја извршува и функцијата член на Надзорен одбор за супервизија на имплементацијата на системот за итни повици Е-112 во Република Македонија формиран со одлука на Влада на РМ (Сл. Весник 90/10), што е спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, оваа Одлука се доставува до службеното лице ------ ------ за известување и се бара од истиот во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката да го отстрани судирот на интереси, со постапување на еден од следните начини:

1. Да се откаже од извршување на пратеник во Собранието на РСМ или
2. Да се откаже од извршување на функцијата член на Надзорен одбор во Центар за управување со кризи.

**Образложение**

Предметот со број 09-954/1 од 01.03.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјавите за интереси поднесена од ------ ------, пратеник во Собранието на РСМ, поради тоа што истовремено ја извршува и функцијата член на Надзорен одбор во Центар за управување со кризи, што е спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Имено, согласно наведениот член:

*(4) Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.*

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, оваа Одлука се доставува до службеното лице ------ ------- за известување и се бара од истиот во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката да го отстрани судирот на интереси, со постапување на еден од следните начини:

1. Да се откаже од извршување на пратеник во Собранието на РСМ или
2. Да се откаже од извршување на функцијата член на Надзорен одбор во Центар за управување со кризи.

Службеното лице потребно е да ја извести ДКСК со приложување на доказ за постапувањето во рок од 15 дена од доставување на оваа одлука.

**Правна поука: Против оваа одлука може да се поведе Управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на оваа одлука.**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н –соработник
Одобрил: В.Г-член на ДКСК